


ПОИНАКВАТА РЕАЛНОСТ НА ГУМНОТО
СЕРГЕЈ АНДРЕЕВСКИ, ПОРТРЕТ НА УМЕТНИКОТ
LAS VEGAS

Сликарот Сергеј Андреевски веќе шест години се вложува себеси и своето уметничко искуство во развивањето на Меѓународниот центар за уметност и одржлив развој „Арт поинт – Гумно“ во село Слоештица, Демир Хисар. Авторот, кој во своето 25-годишно ликовно творештво се претстави на повеќе од 400 групни и шеесетина самостојни изложби, повеќе од триесет пати беше во Америка, а патувањата и изложбите низ Европа речиси престана да ги брои, сега повторно го открива мирот и спокојството на просторот во кој го помина своето детство. И не само тоа, туку во Слоештица е вреден и искрен домаќин кој за шест години им понуди гостопримство на дваесетина уметници од Германија, Шкотска, САД, Данска, Мексико, Франција. Уметничката точка „Гумно“ досега ги поттикна креативните потенцијали на Гејл Тастин од САД и Лоне Сиберг од Данска, на Кристијан Ротман од Берлин и британскиот уметник Леон Пачет, на американскиот уметник Дик Робертс, кој веќе е вљубен во Македонија, на бруклинските уметници Ерика Харис и Сет Ладман. Годинава на престој во Слоештица дојдоа уметниците Елизабет Рос од Мексико и Пауло Гајад од Бразил, чии творештва ја отсликуваат уметноста на Латинска Америка. Креативниот печат на сите уметници остава свои траги во галеријата на „Арт поинт – Гумно“, но и по стрмните селски улички, низ падините на планината, во длабочината на Бела Река и по должината на мостот кој не води никаде, а е средиште на манифестацијата „Славење на пирејот“, посветена на великанот на пишаниот збор, Петре М. Андреевски. Поттикнати од неговите прикази, објавени во многубројните збирки раскази, со намера да ја допреме духовната димензија на просторот во Слоештица, едновремено и да ја почувствуваме енергијата која им дава полет за уметничка креација на автори од целиот свет, го посетивме „Арт поинт – Гумно“. Низ разговор со Сергеј Андреевски се обидовме да разоткриеме барем еден мал дел од магијата на времето и просторот во Слоештица.

Тони Димков
Кире Галевски



„Кога сум во Слоештица пронаоѓам друга убавина на животот“



**На кој начин се прави изборот на уметниците кои доаѓаат на престој во „Арт поинт - Гумно", во Слоештица?**
Многу патувам и обично сакам да видам како уметниците работат и сакам нивното творештво да го видам лично, а не само преку Интернет, бидејќи мониторот често дава лажна слика, а на Интернет може да се претстават и лажни вредности. Бидејќи соработувам со многу уметнички институции од Европа и од САД, истите со посредство на нивни комисии прават избор и испраќаат уметници на престој во Слоештица. Тие институции гарантираат дека уметниците што ги испраќаат се креативни, оригинални и посебни. Ние држиме до тоа уметниците да се посебни во секоја смисла, и како луѓе и како творци.

**Кој е уметничкиот концепт на „Арт поинт - Гумно"?**
„Арт поинт – Гумно" не е класична ликовна колонија, туку сосема поинаку е концепирано. Всушност, станува збор за уметници на резиденција, која можеби е единствена од таков вид на Балканот. Тука уметниците престојуваат долго време, не само десетина дена, како што тоа е случај со ликовните колонии. Во Слоештица уметниците можат да престојуваат и повеќе од два месеца. Им дозволуваме да седат и да работат колку што сакаат, односно да имаат доволно време да се изразат себеси, да се запознаат со нашата средина, со нашиот начин на живот и тоа да ги испровоцира да направат нешто што во своето творештво не би го направиле во сликарско ателје дома.

**Што уметничкиот центар „Арт поинт – Гумно" им нуди на уметниците?**
Како прво, им нуди сместување, потоа секогаш се обидуваме да им ја понудиме најдобрата македонска храна. Иако правиме и интернационални рецепти, сепак, во зависност од уметниците и нивните желби, подготвуваме храна со локални производи од Демирхисарскиот крај. Со месо, млеко, сирење, им правиме локални специјалитети. Ги запознаваме со околината, организираме посета на Крушево, Битола, Охрид, посета на манастирот во Слепче. Стана вообичаена практика да ги однесеме уметниците на овие места и да им ја отвориме вистинската душа на Македонија. Во Скопје има убава, градска енергија, но мислам дека тоа не е суштината на Македонецот. Затоа го формиравме центарот во Слоештица, во Демир Хисар, бидејќи уметниците тука можат да видат како луѓето работат, како се хранат, како го обработуваат полето, какви се односите меѓу луѓето. Додека уметниците шетаат низ селото, селаните ги канат кај себе на гости. На тој начин уметниците се запознаваат со нашето гостопримство, ја допираат земјата, ги гледаат растенијата. Тука имаме и мала бавча каде што самите ги собираат плодовите. Доаѓаат и луѓе кои живеат во големи градови и никогаш не виделе или не допреле домашно животно, кои тука ги има насекаде околу нас. Тие моменти секогаш прават уметникот да се чувствува поинаку. Кога од Бруклин, од Њујорк, уметникот Сет Ладман дојде во Слоештица, секое утро самиот сакаше да им помага на фармерите во селото околу грижата за домашните животни и толку се зближи со едно теле што откако Ладман си замина, фармерот ми кажа дека телето си го барало својот уметник. Хранејќи ги животните, уметниците навистина можат да почувствуваат како е да се живее на село и како функционираат тие едноставни релации меѓу луѓето и домашните животни.

> Нема граници во уметноста и секогаш има врска меѓу новиот технолошки развој и она што е наречено вештина на создавањето

**Тоа се реалните, но кои се метафизичките придобивки за уметниците кои се одлучиле да дојдат во Слоештица?**
Понекогаш мислам дека Македонија е како Шкотска. Овде луѓето им раскажуваат разни приказни на уметниците, како приказните за вампирите, за духовите, но во селото доаѓаат и вистински мечки и волци. Тоа е реалноста на амбиентот, тоа не се само приказни. Сите возбуди кои ќе ги доживеат тука, сигурно нема да им се случат ако ги однесете во Охрид и ги сместите во хотел, каде што сè средено. Тука е поинаку. Исто и кучињата се дел од овој простор, секојдневно се со уметниците, играат, ги допираат. Во принцип, сите уметници сакаат животни. Активна е соработката и со двојката Јелена и Владе Цветановски, кои на Бела Река во селото изградија театарска сцена. Често ги носиме уметниците таму и чудно им е што е направена сцена на мост кој не води никаде. Сите тие работи за нив носат возбуда.

**Лично, на што ви асоцира Слоештица?**
Роден сум во Скопје, но секое лето доаѓав тука и детството го поминував со дедо ми Мито и баба ми Менка, од кои ги научив основните начела во животот, кои ако не ги научев од нив, сега немаше да бидам тоа што сум. Тоа се оние суштински работи што секој човек ги осознава уште додека е многу мал. Со дедо ми речиси секој ден одевме во планината. Таму бев заедно со птиците, со целата безгрижност и со сите негови мудрувања. Со талентот што го имаше татко ми го раскажуваше тоа што целиот живот го зборуваше дедо ми. Голем дел од приказните што ги објави татко ми, му ги раскажа дедо ми. Сите тие мудрости, сите тие приказни, бидејќи дедо ми исто беше раскажувач и многу се интересираше за историјата на Македонија, ни ги дадоа насоките како да го направиме концептот на уметничкото гумно.

**Практично, како започна целата работа?**
Всушност, станува збор за семеен центар во кој сите се вклучени во работата, и сопругата Ирена и синот Меглен и ќерката Воскресија. Сите се дел од работата и од просторот, и духовно и физички. Кога го формиравме центарот, со сопругата разговаравме за тоа дека дедо ми сè што почнуваше, го почнуваше од гумното. Денот го почнуваше и го завршуваше на гумното. Всушност, Македонецот порано најголем дел од денот го поминувал со работа на гумното. Затоа во насловот на центарот е вметнато гумното, бидејќи сега гумното го претворивме во една поинаква реалност во смисла на креирање на уметноста и живеење со уметноста.

Притоа ние сакавме нашето гумно да дочекува гости од светот. Има многу ликовни колонии и работилници каде се присутни македонските уметници, но помисливме дека ќе биде добро нашиот центар да биде интернационален, и покрај убавините на селото, странските уметници преку менталитетот на луѓето што живеат во Слоештица да ги запознаваме и со менталитетот на Македонецот. Не знам дали тоа може да се почувствува во Скопје така како што се чувствува тука. Во Слоештица поинаку се живее. Тука времето понекогаш едноставно – стои. Во такви услови е полесно да се зирне во душата на луѓето што живеат на овој простор. Спокојот на пределот овозможува полесно да се открие и сопствената душа. Кога ќе погледнеш внатре во себе, тогаш е дадена можноста и во сопствените творби да создадеш нешто друго, нешто што дотогаш не си знаел дека постои во тебе. Тоа беше суштината на создавањето на центарот за уметност „Арт поинт – Гумно".

**Колку центарот ви помага да го создавате сопственото творештво?**

Сето ова што го правам во уметничкиот центар е независно од моето творештво, дури и многу малку работам како сликар во периодите додека имаме гости на Гумното, бидејќи тогаш сум вистински домаќин и организирам сѐ што треба за ним да им биде удобно, да им биде достапно сѐ што им треба и да можат без проблем да креираат. Секако, кога немаме гости на резиденција, тогаш доаѓам сам, сликам и работам на моето творештво.

**Во која творечка фаза сега се наоѓа сликарот Сергеј Андреевски?**

Лично, кога ќе се вратам назад, мислам дека најкреативните моменти во мојот живот беа кога имав триесетина години, само што тогаш не бев сигурен дека тоа што го правам е тоа што навистина треба. Сега сум сигурен, сега знам што правам, сега сум поискусен, доволен ми е еден потег за да излезе нова слика. Не случајно велат дека зрелоста често е пресудна за оформувањето на делото. На пример, кога креирам слика, сега ми треба многу пократко време отколку порано. Со сегашното искуство до резултатот стигнувам за многу пократко време. Тоа е резултат на искуството.

**Додека ги правевме фотографиите за ова интервју, успеавте да илустрирате една стара куќа со нови цртежи по ѕидовите!? Како се добива инспирацијата за брзи цртежи?**

Богатството на светот што го има во еден уметник – тоа го нарекуваме талент. Во последно време некои велат дека талентот не е важен, бидејќи со новите медии доволно е уметниците да имаат идеи, а потоа други ќе им ги реализираат. Нема потреба уметникот лично да го создава делото. Постојат цели студија кои изведуваат уметнички проекти. Меѓутоа сѐ уште верувам дека има разлика и точно чувствувам кои луѓе имаат талент. Нормално, талентот се надградува. Тука е и упорноста во животот. Треба да се биде упорен. Ако се верува во нешто, треба да се биде упорен. Еднаш го сретнав Унковски во Метрополитен во Њујорк, и тогаш тој ми рече дека во Њујорк успеваат само најупорните. Има многу вистина во тоа бидејќи знам многу помалку талентирани луѓе кои успеале затоа што биле упорни. Од друга страна, знам многу големи таленти кои не се упорни. Затоа е важна упорноста, особено денес, кога има помалку квалитет, но има голема конкуренција меѓу уметниците.

**Тоа што фасцинира во вашето творештво е ритамот на работа. Често сте учествувале на различни ликовни перформанси и хепенинзи каде што целата работа била базирана на ритамот. Каков е тој ритам?**

Ритамот е многу важен за мене. Првпат со музика почнав да сликам некаде по завршувањето на академијата, што значи многу одамна. Тоа беше првиот јавен настап каде што сликав со музика и на една од манекенките интервенирав врз нејзината бела кошула ставајќи неколку бои. Тоа беа првите моменти кога почнав во живо да сликам пред публика. Потоа тоа го направив во Јапонија, во Шкотска и на разни други места. Меѓутоа, едновремено забележав дека емотивниот дел од перформансот кога сликам во живо нема врска со сликата. Тоа е чин сам за себе. Тоа е самиот перформанс. А како го доживуваат луѓето? Кога ја слушам музиката која има свој ритам, особено во Шкотска, каде што сликав со музика во афро-ритам и со тапани кои држат тензија, забележав интересна работа. Истото многупати





ВО СУШТИНА, ЧОВЕК ЦЕЛ ЖИВОТ СО СЕБЕ НОСИ СОДРЖИНА ШТО ЦЕЛИОТ ЖИВОТ ЈА НАДОПОЛНУВА

> Сето тоа што сум го направил досега ме формирало како личност, како човек, како уметник

сум го правел со групата „Мајовци“. Тие се велемајстори бидејќи имаат ритам, ама има и аритмија во нивната музика. Но, има еден ритам што тече цело време и тоа што е интересно додека ги слушам, тие прават целиот да сум како во бунило, како во транс. Некогаш кога сликам со нивната музика, отпосле гледам што се случило. За време на сликањето со нивниот ритам дури не ни гледам што се случува со сликата. Тоа е убавината на трансот во сликањето со музика. Трансот ми го дава мојот ритам и кога го слушам нивниот ритам се појавува внатрешен ритам што го слушам додека сликам. Врската е кога двата ритма, музичкиот и внатрешниот, ќе се спојат на сликата.

**Уметноста веќе го следи брзиот технолошки развој и не можеме да предвидиме каква ќе биде нејзината иднина.**
**Колку технологијата оди во прилог на вашата уметност или можеби брзиот развој на технологијата повеќе ѝ пречи на уметноста?**
Мислам дека е добро технологијата да се развива. Не ми пречи развојот на технологијата. На пример, компјутерите сега самите прават музика, но вистинските вредности на музиката се содржани во класичната музика. Никогаш не сум бил тврдокорен да се држам само до една техника, или до еден вид сликарство. Кога бев на колонија во Египет, сите работеа со камери, и со нови медиуми. Тогаш се сетив дека можам со батерија да сликам во воздухот, а еден фотограф ги сликаше моите потези на небото. Нема граници во уметноста и секогаш има врска меѓу новиот технолошки развој и она што е наречено вештина на создавањето. И секогаш има нови резултати. Само што ќе помислам дека сум ги потрошил сите мои идеи, пак ќе се појави нешто ново. Иако, во светски рамки, има помалку квалитет од претходно. Има премногу уметници кои премногу експериментираат, а многу помалку навлегуваат во длабочината на уметничкиот чин и на уметничкото дело. За разлика од порано кога имаше уметници кои беа многу подлабоки.

**Значи во денешната уметност недостига влез во длабочината на уметноста и на самите себе?**
Мислам дека порано нашите уметници повеќе комуницираа со светот. Сега некако компјутерот е доволен за информација. Тука е мојот проблем со компјутерите. Компјутерите имаат една информација, но суштината е друга. Можеш на Интернет да видиш како изгледа Сахара, но ако отидеш во Сахара и го допреш песокот, тогаш ќе почувствуваш нешто сосема друго. Тоа се два света: на реалноста и на лажната реалност, или како што некои ја нарекуваат, виртуелната реалност, која е многу возбудлива и многу е заводлива, но, сепак, не е реална. Реалноста е во овие камења, кои треба да ги допреш, да видиш и да почувствуваш колку се студени. Убаво изгледаат на компјутерскиот монитор, но, за жал, не се реални сѐ додека не ги допреш со раката. Тука малку сум носталгичен, бидејќи сметам дека светот оди во еден правец што луѓето веќе се толку отуѓени што им е доволна таа виртуелна реалност. И ми пречи што се задоволуваат со тоа. Сепак, ние сме луѓе, едно се емоциите, а друго се допирите, едно е да зборуваш со некого на телефон, а сосема друго е да му испратиш имејл. Разликата е во емоциите. Иако компјутерот е прекрасна работа за брза комуникација со светот, сепак, недостигаат емоции во таквиот вид комуникација.

**Дали тоа значи дека вистинската реалност ја пронаоѓате во Слоештица?**
Слоештица е друга, за мене, малку бајковита реалност. Кога гледам во зеленилото на околината, во врвовите на планината, го чувствувам мирот и спокојството на Слоештица. Летово со син ми Меглен се качивме на врвот од планината. Кога ќе се искачи горе, човек се чувствува како птица. Тука има и многу орли кои крикаат. Тоа е многу убав звук. Тоа е звукот на слободата, а без слобода не може да се биде уметник. Ако се нема внатрешна слобода, не верувам дека може да се креира. ■